ЈУМЦентар за социјална работа
Свети Николе
Број 05-187/16
дата: 04.06.2018

Друштво за производство, трговија и услуги
РИКИ-Јуниор
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 137-2018
04.06.2018 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ ХИГЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА Ј.У. М ЦСР-СВЕТИ НИКОЛЕ

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**-ДПТУ- РИКИ – ЈУНИОР ДООЕЛ увоз –извоз Кочани ул Ленинова бб,застапувано од одговорно лице Татјана Величкова ,Даночен број МК4013001114050,телефон 033-277-249 со е-пошта :**rikijunior@yahoo.com
**во понатамошниот текс : Носител на набавка од една страна и**

**-Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе со адреса на ул Велко Влаховиќ бр 38 а ,застапувано од в.д. Директор Мелита Стојкова во понатамошниот текст:Договорен орган**

## I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на стоки -хигенски материјали за потребите на Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа, за период од една година .

Детален опис на предметот на договорот е даден во конечната понуда кој е составен дел на овој договор.

**член2**

Набавката ќе се врши сукцесивно според периодичните потреби на Договорниот орган и по претходно доставени нарачки во кои ќе бидат содржани видот, количината и местото на испорака.

Договорниот орган нема обрска да ги порача стоките по сите позиции,за единица мерка во количина од 1 бр (пакување, парче комплет,кочан )

## II ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**член3**

Вредноста на набавката и испорака на стоки ќе се утврдува за секоја порачка по овој Договор посебно врз основа на стварно испорачани видови и количини стоки, а според единечна цена за единечна мерка (пакување, парче ,комплет ,кочан)

Единечните цени за единечна мерка се преземаат од конечната понуда и техничката спецификација по цени намаленинпо е -аукцијата на Економскиот оператор.

Цените се фиксни до истекот на рокот на важност на овој договор

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди збирно ,според поединечните испораки извршени до истекот на рокот на важност на овој договор.

Вкупната вредност на набавка по овој договор не може да ја надмине висината на обезбедени средства за набавка, односно износот од 80.000,00ден , соДДВ

## III НАЧИН НА ИСПОРАКА И РОК НА ПЛАКАЊЕ

**член 4**

Се предвидува начин на плакање со фактура во рок од 60дена од добивање на фактура за испорачана стока, а по претходно доставена испратница уредно потпишана од

двете страни .Фактурата носителот на набавката да ја достави најдоцна до 15 во месецот фактурањето ке се врши еднаш месецно.

**Член 5**

Поединечните испораки на предметот на набавката ќе се врши исклучиво врз основа на порачките на Договорниот орган,односно неговото овластено лице во рок од 24 часа од направената порачка .

Порачките за предметна набавка ќе содржи податоци за видот и количината на стоката што се набавува и местото на испорака.

Испораката ке се врши на ЈУ Мегуопштински Центар за социјална работа Свети Николе ул Вељко Влаховиќ бр 38 а ,а во просторија што ќе го определи одговорото лице

Секоја испорака на предметот на набавката од страна на Економскиот оператор која нема да биде во согласност со издадената порачка или биде извршена без порачка од овластено лице определено со чл 6 од овој Договор ќе се смета за неважечка,а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Економскиот оператор.

**член 6**

Предметната набавка ќе се испорачува со испратница на Економскиот Оператор, пополнети во три примероци, која мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од Договорниот орган односно негово овластено лице .

Предмената парачка што ќе се испорачува ќе се предава на лица што ќе ги определи овластено лице на Договорниот орган определен во член 6 од овој договор.

Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат одговорното лице за договорниот орган , а за Економсккиот оператор одговорно лице и лицето што испорачува . По еден примерок од испратницата се предава на задолженото лице за набавка кај Договорниот орган , еден примерок задржува економскиот оператор за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактура се доставува на Договорниот орган.

Доколку доставената фактура не ја содржи предвидената документација нема да се реализира и истата ќе биде вратена на дооформирање.

## IV ОБРСКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР

**член.7**

Економскиот оператор се обрзува да врши испорака на предметот на набавката иклучиво врз основа на порачка на Договорниот орган.

**член8**

Економскиот оператор се обрзува да врши испорака на предметот на набавка согласно со квалитетот кој е наведен со понудата и усвоен стандарди за овој вид на стоки во Република Македонија .

**член9**

Економскиот оператор се обрзува во секое време да изврши замена на испорачаната стока која не е во согласност со потребите на Договорниот орган , иако испораката била извршена во согласност со чл 6 од овој Договор.

## V ОБРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**член10**

Договорниот орган се обрзува плакањето по извршената испорака на предметот на набавката да го врши врз основа на доставена фактура и попратна документација на начин определен со чл.6 и во износ што ќе биде определен согласно чл. 3 од овој Договор.

**член 11**

Во случај кога Договорниот орган согласно чл. 9 ќе побара да се изврши замена за испорачаната стока,истовремено со Економскиот Оператор ќе утврди и рок-договорен за нивна испорака, независно од рокот определен со чл.14 од овој Договор.

Одредбите на овој Договор кои се однесуваат на договорна казни ќе се применуваат по истекот на рокот од претходниот став.

## VI ОДГОВОРНОСТИ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**член12**

Материјалниот недостаток постои ако стоката ги нема потребните својства за редовна употреба/или ги нема својствата и одликите што се договорени.

**член13**

Договорниот орган е должен при приемот на предметот на набавката да изврши преглед за да утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни ,Договорниот орган е должен своите забелешки да му ги соопшти на Економскиот оператор веднаш.

**член14**

Доколку Договорниот орган открие пакој недостаток должен е за тој недостаток да го извести Економскиот оператор во рок од 1 ден несметајки го денот кога го отрил недостатокот..

член15

Кога по приемот на предметот на набавката од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека тие имаат некој недостаток што не може да се открие со вообичаен преглед при примопредавањето(скриен недостаток),Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Економскиот Оператор во рок од 8( осум) дена сметајки го денот кога го отрил недостатокот.

Економскиот оператор не одговара за недостатоците што ќе се покажата откако ќе изминат 2( два) месеци од испорака на стоката.

**член16**

Договорниот орган кој навреме и уредно го извести Економскиот оператор за недостатокот може:

- да бара од Економскиот оператор да го острани недостатокот.
- Да бара од Економскиот оператор испорака на нови исправни примероци од стоката доколки недостатокот не може да се отсрани.

## VII ВИША СИЛА

**член17**

Договорниот орган и Економскиот оператор се ослободуваат од одговорност ако по склучувањето на овој договор настанат околности кои не можат да се предвидат, остранат или сречат односно до неисполнувањето на обрските на овој Договор дошло поради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена да ги изврши обрските од причини наведени во став 1 дожен е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за спреченост и по можност обезбедување на докази.

По остранување на околности од став 1 Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорот.

## VIII РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**член18**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обрска другата договорна страна може да бара исполнување на обрската или да го раскине Договорот.

**член19**

Договорната страна која поради неисполнување на договорнте обрски на другата договорна страна го раскинува Договорот ,должна е за тоа да и го соопшти без одлагање во писмена форма.

## IX ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**член 20**

Договорот се пишува и потпишува на македонски јазик.

## X ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член21**

Важноста на договорот е 12 (дванаесет)месеци од денот на негово потпишување од двете договорни страни.

**член22**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и други закони и акти кој ја регулираат материјата,предметот на овој договор

Договорните страни можат да го дополнат и изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмен форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот.

**член 23**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено,ќе ги решава надлежниот Суд.

**член24**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци од кои по 2( два примероци) за Договорниот орган и 2 (два )примероци носител на набавка

Ј.У.Меѓуопштински Центар за Социјална Работа-Свети Николе
в.д.Директор
Мелита Стојкова

ДИТУ-РИКИ ЈУНИОР
увоз-извоз Кочани
Одговорно лице
Татјана Величкова